UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

## Инструкции
**(Тригодишен систем и менторски систем)**

Инструкции во однос на двете презентации за постигнатиот напредок во истражувањето за докторската дисертација за кандидатите запишани на докторски студии според тригодишниот систем.

Според Член 22, **Правилникот за третиот циклус на студии**, кандидатот на докторски студии и менторот треба да се сретнуваат редовно да го дискутираат напредокот на дисертацијата.

- Кандидатот на докторски студии треба да изведе две формални, јавни презентации за работата на докторските студии пред академската заедница во период договорен со менторот.
- Кандидатот и менторот може да ги разгледаат коментарите и советите кои се дадени во текот на презентациите за подобрување на дисертацијата и да ги вклучи во периодичните извештаи на секои шест месеци.
- Се препорачува за првата презентација кандидатот да има напишано најмалку 50 страници од дисертацијата, а на втората презентација над 100 страници. Овој материјал треба целосно да се презентира, а не во посебни делови . Не се препорачува да се презентира предлог-тезата која била презентирана на Наставно-научниот соверт на Факултетот.

Со цел да се даде поголема поддршка и попрактични аспекти за двете планирани презентации:

- Кандидатите треба да изведат групна презентација, по можност со два или повеќе кандидати од истиот факултет со цел да има поголема транспарентност и реципрочна поддршка со предлози за подобрување на истражувањето и на пишувањето на дисертацијата.
- За менторскиот систем, по презентацијата менторот пишува краток извештај за напредокот и заедно со копијата од известувањето за презентацијата ги внесува во досието на студентот.

*Забелешка:* Факултетите пред објавувањето на информации за презентацијата самите го потврдуваат бројот на напишани страници.